WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
**ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**

**Декември, 2012 година**

**ДО: Сите заинтересирани страни**

ПРЕДМЕТ: ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНСПОРТ – ПАКЕТ ЕДНАКВОСТ

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот Пречистен текст на Условите за осигурување е врз основа на претходно извршено усогласување на постојниот текст на Условите, со член 225-в став 3 од Законот за супервизија во осигурување со наведување на начинот на вонсудско решавање на спорови на тој начин што се додаваат три нови става во „Завршни одредби“ кои гласат:

*„Постапка по приговори*

Во случај Осигурувачот и Осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до торостепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

*Постапка по жалба*

Договорувачот, односно Осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

*Решавање на спорови*

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.“

Со почит,

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**

КОНТАКТ ЦЕНТАР 02/15 999
Винер Осигурување Вистински избор за Вас
Ул. Владимир Комаров 11А | 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел: +389 (0)2 32 31 631 | Факс: +389 (0)2 32 31 632
Е-пошта: winner@winner.mk
www.winner.mk